# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**2-8 јуни 2026 Билтен бр. 637**

# НОВ, ЗАТВОРЕН ПЛИВАЧКИ БАЗЕН ВО КАРПОШ

**2 јуни**
**Општина Карпош добива нов, затворен пливачки базен од втора категорија, значаен капитален проект кој ќе придонесе за унапредување на спортот, образованието и здравиот развој на младите генерации.**

**Станува збор за современ спортски објект со дименизии од 25 метри должина и 9 метри ширина, со длабочина која се движи од 0.80 до 1.20 метри, што овозможува безбедно користење и реализација на наставните и рекреативните активности. Базенот е изграден согласно современите стандарди за функционалност, безбедност и енергетска ефикасност, со што се обезбедени кавлитетни услови за развој на пливачките вештини.**

**Изградбата на базенот започна во септември 2023 година, а е целосно завршена во 2026 година.**

**Овој значаен капителен проект е реазлизиран со поддршка на Владата, преку Министерството за спорт, кое ја обезбеди главната инвестиција од 46.700.000 денари за изградба. Во реализацијата активно учествуваше и Општина Карпош преку обезбедување дел од потребните средства и обврски за ставање на објектот во функција, преку изведба и финансирање на приклучоците за водоснабдување и електрична енергија.**

**Изведувач на изградбата на базенот е „Конструктор“, по проект на „ВЕЛАРТ“, а со надзор на „МГ Проект“.**

**-Во наредниот период, Општина Карпош, заедно со Советот ќе донесе одлуки за моделот на функционирање и управување со базенот, со цел сите дечиња од општинските основни училишта, на возраст до 9 години да научат да пливаат и преку тоа да допринесеме до здрав психо-физички развој на младите. Во соработка со училиштата ќе договориме динамика и начин на реализирање на часовите по пливање.“ – истакна заменик-градоначалникот Неделчо Крстевски.**

**Целта на овој современ спортски капацитет е да биде максимално искористен и достапен, не само за воспитно-образовниот процес, туку и за спортските клубови за млади пливачи. Затворениот пливачки базен ќе биде во служба на сегашните и идните генерации, обезбедувајќи современи услови за учење, спорт и личен развој.**

**Со реализација на овој проект испраќаме силна порака дека грижата за младите останува наш врвен приоритет.**





# ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИТЕ ОД КАРПОШ НАГРАДЕНИ ВО БЕРЛИН

**3 јуни**

**Основците од ООУ „Лазо Трповски“ постигнаа голем успех, освојувајќи престижна награда на Меѓународниот училишен натпревар за воздушен и вселенски сообраќај 2026, кој традиционално се одржува во Берлин, Германија. Станува збор за заеднички проект насловен како „Нашето патување на Јупитер“, којшто го изработија учениците од 4а одделение во кооординација со двајцата наставници Ирена Грегориќ и Стефан Симовски.**

**Ова елитно интернационално натпреварување го организира Сојузното германско здружение за воздушна и вселенска индустрија од Берлин во соработка со Сојузното министерство за економија и енергија на Германија. Како дел од организационата структура на натпреварот се јавуваат и Сојузната конференција за образование и истражување на Германија, Луфтханза Техник АД, како и концернот ЕАДС (во чии рамки влегува и познатиот производител на патнички авиони „Ербас“).**

**Конечната одлука во врска со наградите на овој екипен меѓународен натпревар за ученици од трето и четврто одделение годинава ја донесе деветчлено стручно жири составено од претставници на организаторот Сојузното германско здружение за воздушна и вселенска индустрија од Берлин, универзитетски професори (астрофизичари), наставници, германски владини претставници, германски парламентарци, медиумски работници и претставници на концернот Ербас.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ЈА ВОВЕДУВА УСЛУГАТА „ИТНО КОПЧЕ“

**Општина Карпош во соработка со Црвен крст на Град Скопје, започнува со воведување на услугата „Итно копче“ која е наменета за жителите од општината кои се на возраст над 65 години и живеат сами или со брачен партнер кој е во нарушена здравствена состојба.**

**Услугата „Итно копче“, функционира со иновативен аларм-уред кој на лицата им овозможува брз и лесен пристап до помош во секое време. С□ што е потребно е да го притиснат копчето на уредот, по што ќе добијат повик од операторот на контакт центарот на Итно Копче. По воспоставувањето на контакт, корисникот ќе ги сподели информациите за своите тегоби, а обученото лице ќе му даде понатамошни насоки. Доколку е потребно, ќе биде испратен тим за прва помош директно во домот на корисникот. Доколку постои потреба се обезбедува транспорт до соодветната установа/ институција.**

**Тимот на Итно копче се состои од обучени професионалци, кои се грижат за своите корисници.**

**Лицата кои се заинтересирани за услугата, а кои ги исполнуваат критериумите наведени во Јавниот повик за аплицирање на услугата Итно копче во Општина Карпош ,може да се пријават на телефонскиот број 02/15330.**

***Поради ограничен број на уреди корисниците ќе се одбираат по принципот ,, прв дојден, прв услужен “.**



# ХОРИСТИТЕ ОД ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ " ПОВТОРНО ГО ОСВОИЈА МУЗИЧКИОТ ТРОН ВО КАРПОШ

**3 јуни**

**Многу емоции, прекрасна кореографија и впечатлив сценски настап го одбележаа хорскиот училишен натпревар, кој се одржа денеска во просториите на училиштето „Петар Поп Арсов". Во рамки на оваа традиционална културно – уметничка манифестација, која по седми пат ја организира Одделението за образование од Општина Карпош, учествуваа млади хористи од девет основни училишта на територија на локалната самоуправа. Според високите критериуми на стручното жири, најпрестижното место на овогодинешниот музичкиот престол го освои ООУ „Димо Хаџи Димов" бравурозната изведба на македонскиот фолклорен бисер „Дафино вино црвено" под менторство на наставничката Невена Маркоска.**

**Нијансите и музичките финеси одлучуваа за денешниот пласман на најдобрите хористи, а во овој случај трчленото жири одлучи второто место да му додели на хорот од ООУ „Владо Тасевски", кои со помош на наставничката Елизабета Становевска ја подготвија нумерата „Вива Туте Леве Цозе". Третото место го поделија хористите од основното училиште „Војдан Чернодрински" со песната „Што ми е мило" под менторство на наставникот Марио Лазаров и училишниот хор од ООУ „Јан Амос Коменски" со интерпретација на познатата народна песна „На сред село тапан чука", под менторската палка на наставничката Марија Златановска. На најдобриот хорски состав, Општина Карпош му додели 40.000 денари, второпласираните хористи добија 30.000 денари, додека пак двата треторангирани хориски состави ја поделија наградата од 20.000 денари.**

**Во оваа пригода, благодарници за учество во жири комисијата добија Дејан Стоев – солист, тенор и уметнички директор во Македонска опера и балет, Ѓурѓица Дашиќ – диригент – хор мајстор во НОБ и уметнички раководител на камерниот оркестар ,,Профундир" и м-р Анета Марковска Илиевска, дипломиран професор по музика и помошник-раководител на Секторот за дејности од јавен интерес.**

**На традиционалната манифестација присуствуваше и претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, кој им ги врачи дипломите на хорските училишни состави кои годинава ги освоија првите три места.**

**Би сакал пред се да им честитам на сите хористи за учеството, огромна е обврската на менторите за подготовка на вакви настапи, секоја чест за секој од вас. Продолжете вредно да работите, а ние и понатаму ќе бидеме вашата поддршка, бидејќи Општина Карпош знае да ги препознае вистинските вредности и да ги негува. – посочи Саракинов.**


ОПШТИНА КАРПОШ


E=mc²
ДИПЛОМА

# КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО ЈОУДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“

**4 јуни**

**Во градинката „Орце Николов“ – клон „Први стапки“, се одржа работилница по повод издавање на сликовницата „Моето прво ателје – цртам, бојам, откривам“ од авторот Коста Михајлов.**

**Дечињата од градинката имаа можност да ја доживеат уметноста на многу сликовит начин затоа што преку цртање, боење, истражување и творење, работеа низ содржините од сликовницата.**
**Преку креативните и едукативните содржини од сликовницата, децата ја поттикнаа својата имагинација и творечко изразување.**
**Издавањето на сликовницата „Моето прво ателје – цртам, бојам, откривам“ од авторот Коста Михајлов е реализирано со финансиска поддршка од Програмата за култура на Општина Карпош.**



# ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ СО НАЈУБАВ ЕКО-ДВОР

**4 јуни**

**Во рамки на Програмата за образование на Општина Карпош, по шести пат, се реализираше натпревар меѓу општинските основни училишта за избор на најубав училишен еко-двор.**

**Оваа активност има за цел да ги мотивира учениците, родителите и наставниците за подигање на свеста и грижата за екологијата и животната средина.**

**Првото место го освоија учениците од ООУ „Лазо Трповски“ кои добија награда од 70.000 денари.**
**Второто место и наградата од 50.000 денари ја поделија ООУ „Петар Поп Арсов“ и ООУ „Димо Хаџи Димов“**
**Третата награда од 30.000 денари им припадна на учениците од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“**

**Општина Карпош и понатаму ќе вложува во активности кои ја поттикнуваат еколошката свест и создавањето на подобри услови за учење и развој на учениците.**



# ОПШТИНА КАРПОШ Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ

**5 јуни**

**Заменик – градоначалникот на Општина Карпош, Неделчо Крстевски, присуствуваше на работилницата посветена на обука и имплементација на планови за одржлива урбана мобилност, која се одржа денеска во просториите на Заедницата на единиците на локална самоуправа на РСМ (ЗЕЛС). На денешната средба присуствуваа и градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски, министерот за транспорт, Александар Николоски, директорката на Светска Банка за Македонија, Карол Межеван и претставници на македонската Влада.**

**Целта на оваа обука беше зајакнување на капацитетите на носителите на одлуки за разбирање, поддршка и водење на процесите за развој и имплементација на Планови за одржлива урбана мобилност. Во таа насока, денешната обука беше конципирана во три сесии од кои првата беше воведна, во втората се говореше за организациските и институционалните аспекти, односно за улогата на носителите на одлуки во процесот на развивање и имплементација на горенаведениот Проект, а во третата сесија практично се работеше на Студии на случај.**

**Инаку, Планот за одржлива урбана мобилност претставува важен чекор кон градење на системско, долгорочно и европски усогласено планирање на главниот град и неговите општини. Во оваа визија од особено значење е и стимулирање на велосипедот како вистинско еколошко превозно средство, а не само како форма на рекреација. Тоа значи градење на инфраструктура на безбедни велосипедски патеки, поврзани вело-коридори, подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух и намалување на сообраќајниот метеж. Со своето активно учество на работната средба, заменик – градоначалникот Крстевски ја потенцираше подготвеноста на Општина Карпош да се наметне како активен партнер во овие процеси.**



# ТРИДЕЦЕНИСКИ ЈУБИЛЕЈ ЗА ДЕТСКИОТ ФЕСТИВАЛ „ОД ЦВЕТ НА ЦВЕТ СО ОРО И ПЕСНА“

**7 јуни**

**Традиционално по триесетти, јубилеен пат, од 05-ти до 09-ти јуни се одржува Меѓународниот детски фолклорен фестивал „Од цвет на цвет со оро и песна“, во организација на младинското културно-уметничко друштво „Цветан Димов“ од Општина Карпош. Главниот концерт се одржа на 06-ти јуни на сцената во училиштето „Петар Поп Арсов“.**

**Оваа година учесници на фестивалот се детски ансамбли од Република Северна Македонија, како и од соседните Р.Бугарија и Р.Србија, а согласно програмата, претходно се одржа фолклорно дефиле на сите ансамбли кое се одвиваше низ улиците на Општина Карпош.**

**Овој реномиран меѓународен детски фолклорен фестивал е поддржан од Министерството за Култура на Р.С. Македонија, како и од Општина Карпош.**

**Општина Карпош во континуитет, активно подржува проекти од областа на културата која претставува значаен сегмент од животот во заедницата.**



# ДЕТСКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА КЛАСИКОТ „УБАВИЦАТА И SВЕРОТ"

**8 јуни**

**Пред бројната детска публика во просториите на ООУ „Јан Амос Коменски, Студиото за деца и млади Broadway JR, Здружение Крео – Аксис Скопје, на бравурозен начин ја одигра култната бајка за ,,Убавицата и Sверот". Основците од „Коменски" имаа можност да се запознаат со оваа безвремена волшебна приказна, која во вид на мјузикл ги истакна раскошните детски костими и прекрасниот сценски настап.**

**Оваа детска претстава е финансиски поддржана од Општина Карпош, во рамки на Програмата за еднократна парична помош за проекти од културата, како дел од Одделението за образование при Секторот за дејности од јавен интерес.**

**Мјузиклот кој е сплет на повеќе уметнички експресии, претставува ретка пригода да се види и да се почуствува енергијата и харизмата која децата ја вложија во овој уметнички настап. Општина Карпош ги поддржува ваквите настани, со цел да побуди интерес за театарската култура кај помладата популација, воедно нудејќи им можност на децата да ја почувствуваат и магијата на мјузиклот.**

